ЗАПИСНИК
ОД ТРЕТА СЕДНИЦА
НА СЕКРЕТАРИЈАТОТ ЗА РЕФОРМА НА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА
ОДРЖАНА НА 10.03.2025
МЈА

**Присутни:**

Лазе Јаќимоски (Министерство за јавна администрација), Есма Адиловиќ Фазлиќ (Министерство за јавна администрација), Тања Ковачев (АЗСПИЈК), Стојанчо Радичевски (ГС), Маја Коневска (ДКСК), Добре Јанчев (Агенција за администрација), Билјана Николовска Жагар (Кабинет на ЗПВРСМ за добро владеење) Јулијана Караи (ЕПИ), Александра Крстеска Ангеловска (МСПДМ), Андреа Ѓошевска (Канцеларија на Претседател на влада), Ардита Дема Мехмети (ЗЕЛС), Тања Каранфиловска (Секретаријат за законодавство), Ангела Саплиева (Министерство за јавна администрација), Ирена Стамеска Ѓеровска (Министерство за јавна администрација), Митко Аритоновски (Министерство за јавна администрација)

Третата седница на Секретаријатот за реформа на јавната администрација (во натамошниот текст: Секретаријатот) започна со воведно обраќање на претседавачот Лазе Јаќимоски, заменик министер за јавна администрација, кој ги поздрави присутните членови и им се заблагодари на присуството. Потоа го предложи дневниот ред на третата седница на Секретаријатот.

Дневен ред

1. Усвојување на Записникот од втората седница на Секретаријатот за реформа на јавната администрација одржана на 25.12.2024 година;

2. Усвојување на нацрт годишен извештај за 2024 година за периодот јануари – декември 2024 година за имплементација на Стратегијата за реформа на јавната администрација (2023 – 2030) со Акциски план;

3. Разгледување на предлог Акциски план на планирани активности согласно извештајот за мониторинг од оценската мисија на СИГМА од 2024 година за Република Северна Македонија

4. Разно (прашања/предлози)

Во однос на **точка 1**, Усвојување на записник од втората седница на Секретаријат за реформа на јавна администрација одржана на 25.12.2024, никој од присутните немаше забелешки. Записникот од втората седница на Секретаријат за реформа на јавна администрација беше усвоен.

Во однос на **точка 2**, Усвојување на нацрт годишен извештај за 2024 година за периодот јануари – декември 2024 година за имплементација на Стратегијата за реформа на јавната администрација (2023 – 2030) со Акциски план, претседавачот наведе дека согласно системот за следење и известување на спроведувањето на Стратегијата за реформа на јавната администрација (2023-2030), МЈА како надлежна институција за координација на процесот за реформа на јавната администрација континуирано ги подготвува годишните извештаи за реализација на мерките и активностите од Стратегијата за РЈА со Акциски план. Наведе дека овој нацрт годишен извештај за 2024 година претставува преглед за напредокот во спроведување на Стратегијата за РЈА 2023-2030 и Акцискиот план 2023-2026 и постигнатите резултати во периодот јануари – декември 2024 година. Истакна дека подготовката на извештајот започнала во јануари 2025 година. Нагласи дека и за подготовката на овој извештај повторно не биле испочитувани зададените рокови за внесување на придонес во ИТ алатката. Притоа, информираше дека Министерството за европски прашања не доставило инпут и Извештајот е подготвен без нивен придонес.

Апелираше во иднина да се постапува согласно роковите како би можеле да имаме квалитетен и навремено подготвен извештај.

И даде збор на Есма Адиловиќ  Фазлиќ накратко да го презентира извештајот.

Адиловиќ Фазлиќ наведе дека овој извештај за прв пат е поставен и на ЕНЕР, со цел да може заинтересираните страни да дадат придонес, коментари и забелешки. Притоа,ги презентираше реализираните активности и постигнатите клучни резултати по приоритетните области, ризиците за реализација на активностите од стратегијата, како и финансискиот преглед на активностите. Презентацијата ќе им биде споделена на членовите и замениците членови на Секретаријатот.

Претседавачот предложи Секретаријатот да го усвои годишниот извештај за имплементација на Стратегијата за реформа на јавната администрација за 2024 година, и истиот да биде доставен  на разгледување на наредната седница  на Советот за РЈА,  а потоа и на седница на Влада.

Бидејќи никој немаше забелешки, извештајот беше едногласно усвоен.

Во однос на **точка 3,** Разгледување на предлог Акциски план на планирани активности согласно извештајот за мониторинг од оценската мисија на СИГМА од 2024 година за Република Северна Македонија, претседавачот и даде збор на Есма Адиловиќ Фазлиќ да го презентира акцискиот план за следење на активностите согласно препораките на СИГМА и предвидените рокови.  Есма Адиловиќ Фазлиќ наведе дека по заклучок на Генералниот Колегиум и заклучок на Влада, МЈА е задолжена да подготви акциски план со наведување на активности и рокови со кои би се реализирале препораките дефинирани во Мониторинг Извештајот на СИГМА за 2024 година. Наведе дека некои од институциите не доставиле забелешки по истиот и накратко ги презентираше активностите.
Претседавачот предложи Секретаријатот да го усвои Акциски план на планирани активности согласно извештајот за мониторинг од оценската мисија на СИГМА од 2024 година за Република Северна Македонија и да биде

доставен на разгледување на наредната седница на Советот за РЈА, а потоа и на седница на Влада.

Бидејќи никој немаше забелешки, Акциски план на планирани активности беше едногласно усвоен.

Во однос на **точка 4.** Разно, претседавачот отвори дискусија. Стојанчо Радичевски од ГС постави прашање дали буџетот за реализација на активностите е заеднички или во рамки на секоја институција посебно.
Есма Адиловиќ Фазлиќ наведе дека е отворена К6 програмата од МФ, а секоја институција треба да отвори К6 програма во рамките на своите буџети и ги реализира мерките и активностите во рамки на К6 програмата. Наведе дека на претходната седница од страна на членот на Секретаријатот од Министерството за дигитална трансформација (МДТ) било наведено дека на МДТ од страна на Министерството за финансии (МФ) им било посочено дека активностите за чија имплементација е надлежно МДТ повеќе не може да се покриваат од К-6 програмата. Наведе дека ако не дозволува МФ, потребно ќе биде во склоп на веќе постоечките буџетски средства да се најдат средства за реформата.

Билјана Николовска Жагар наведе дека во однос на К6 програмата, важно е да се апелира до институциите да има реално трошење на средствата и дека оваа програма била едвај обезбедена и би било штета да не се искористи. Истакна дека оваа програма е начин да се покаже како нашата држава ја изразува посветеноста кон реформата, не зависејќи само од донаторска поддршка.

Понатаму, наведе дека е многу важно придонесот во ИТ алатката да биде презентиран на јасен и транспарентен начин. Потенцираше дека е неопходно поголемо објаснување на реализираните активности и мерки, бидејќи, користејќи го актуелниот наратив, она што е постигнато во рамките на Стратегијата би било разбирливо само за оние кои се директно вклучени во оваа област, а не и за пошироката јавност.
Есма Адиловиќ Фазлиќ наведе дека од тие причини се достапни индикаторите, бидејќи се показатели за реализацијата на активностите и

мерките. Нагласи дека можеби е потребна обука на лицата кои внесуваат придонес како да го прават тоа.

Билјана Николовска Жагар наведе дека е потребно да се подготви заклучок кој ќе оди на разгледување на седница на Советот кој ќе се однесува на подигање на свеста за внес во ИТ алатката за подготвување на годишните извештаи и за подигање на квалитетот на придонесот преку употребување на поразбирлив наратив.

Добре Јанчев од Агенција за администрација наведе дека во однос на ИТ алатката се појавува проблем бидејќи при внесување на придонесот дозволени се само 2000 карактери, а тоа не е доволно. Есма Адиловиќ Фазлиќ наведе дека тоа ќе биде корегирано со надградбата на ИТ алатката.

Јулијана Караи наведе дека во рамките на WeBER 3.0 Проектот постои можност за соработка со МЈА, односно да се адресира едно отворено прашањесогласно препораките на СИГМА, која што всушност е и дел од првичните наоди на Мониторот за РЈА во однос на областа Давање услуги. Имено, да се организира состанок со претставници на МЈА на кој преку „brainstorming“ ќе се изнајде начин за нејзина имплементација, односно ќе се изнајде решение на едно отворено прашање (пр. обуки за државни службеници кои работат со ранлива категорија на граѓани)..

Есма Адиловиќ наведе дека од страна на РЕСПА е формирана Академија за интероперабилност, но не е внесена во Извештајот како значаен постигнат резултат.

Јулијана Караи наведе дека не гледа потреба да постојат повеќе академии за обука (МДТ, СЕП итн.), ако согласно ЗОРОДУ, МЈА има надлежност за обука на државни службенициособено кога веќе е во процедура новиот Закон за стручно усовршување и обука на административни службеници.

Есма Адиловиќ истакна дека ова е регионална иницијатива мрежа на повеќе Академии за интероперабилност, а подржана од страна на РеСПА, но не е институционализирана како посебен орган. Со формирањето на Академија за стручно усовршување и обука на административните службеници сите ќе се усогласат и ќе бидат координирани во рамките на Академијата како институција во рамките на МЈА.

Претседавачот им се заблагодари на присутните и ја затвори третата седница на Секретаријатот.

## Предлог заклучоци

- Годишниот извештај за имплементација на Стратегијата за реформа на јавната администрација за 2024 година, да се достави  на разгледување на наредната седница  на Советот за РЈА,
- Подигање на свеста за респонзивност за внес во ИТ алатката за подготвување на годишните извештаи и  подигање на квалитетот на придонесот преку употребување на поразбирлив наратив.
- Акцискиот план на планирани активности согласно извештајот за мониторинг од оценската мисија на СИГМА од 2024 година за Република Северна Македонија  да биде доставен  на разгледување на наредната седница  на Советот за РЈА,  а потоа и на седница на Влада.
- Реажурирање на прашање за К-6 програма